# АНАЛИЗА
# на потреби, перцепции и добри практики

## „Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“



ПОВРЗАНИ ВО КРИЗА

Youth can

SUPPORT KOCANI

CIVICA MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

# За проектот

**„Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“** е проект кој има за цел да придонесе кон создавање поотпорни, посолидарни и подобро поврзани заедници преку зајакнување на улогата на младите, младинските центри и граѓанските организации во услови на кризи. Проектот се заснова на потребата за поорганизиран и системски пристап кон превенција, реакција и опоравување од кризни ситуации, особено во делот на поддршка на младите, нивно навремено информирање, психосоцијална помош, безбедно вклучување и координирана соработка со институциите.

**Во изминатите години**, Северна Македонија се соочи со различни кризни ситуации, здравствени, природни, социјални и безбедносни, кои покажаа дека младите често се меѓу најпогодените групи, но истовремено и дека имаат значителен потенцијал да придонесат кон поддршка, солидарност и мобилизација во своите заедници. Пандемијата со КОВИД-19, природните непогоди, пожарите, како и трагичните настани што ја потресоа јавноста, ја истакнаа потребата од појасни механизми за заштита, информирање и поддршка на младите во кризни контексти. Дополнително, овие искуства ја покажаа важноста од доверба меѓу граѓаните, институциите и граѓанскиот сектор, како и потребата од структури што можат брзо, одговорно и координирано да одговорат на потребите на заедницата.

> Проектот произлегува од согледувањето дека младинските центри и младинските организации имаат важна, но сè уште недоволно препознаена улога во системот за управување со кризи. Тие се блиску до младите, имаат искуство во работа со заедници, создаваат безбедни простори за разговор и поддршка, и можат да бидат значаен мост помеѓу младите, локалните институции и поширокиот систем. Сепак, за нивната улога да биде ефективна, потребни се јасни насоки, зајакнати капацитети, воспоставени стандарди и подобра институционална координација.

Затоа, **проектот е насочен кон** развој на национален модел за младинско делување во услови на кризи, кој ќе се темели на истражување, консултации, анализа на добри практики и активно учество на релевантните засегнати страни. Во рамки на проектот се анализираат потребите, перцепциите и искуствата на младите, родителите/старателите, институциите, стручната јавност и граѓанските организации, со цел да се добие јасна слика за постојните празнини, предизвици и можности за подобрување на системот на поддршка.

ПОВРЗАНИ ВО КРИЗА

**Посебен фокус** во проектот се става на психосоцијалната поддршка на младите во услови на кризи, навременото и точно информирање, безбедното волонтерско вклучување, улогата на младинските центри како простори за поддршка и мобилизација, како и потребата од воспоставување јасни протоколи за координација меѓу граѓанскиот сектор и институциите. Проектот настојува да даде практични и применливи препораки што ќе можат да послужат како основа за подобрување на политиките и практиките поврзани со младинската работа, кризното управување и социјалната кохезија.

**Преку проектните активности**, младите не се третираат само како ранлива група која има потреба од заштита, туку и како активни чинители кои можат да придонесат кон решенија. Проектот ја промовира идејата дека младите, доколку се соодветно информирани, обучени и поддржани, можат да бидат важен ресурс во градењето отпорни заедници. Нивното учество во кризни ситуации треба да биде безбедно, доброволно, добро координирано и засновано на јасни правила, со почитување на нивните права, потреби и капацитети.

**Со спроведувањето** на проектот се очекува да се придонесе кон подобро препознавање на младинскиот сектор во системот за справување со кризи, зајакнување на соработката меѓу граѓанските организации, младинските центри, локалните самоуправи и релевантните институции, како и поттикнување култура на солидарност, превенција и меѓусебна поддршка. На долг рок, проектот има за цел да придонесе кон создавање поинклузивен, поодговорен и поотпорен систем во кој младите имаат активно место во процесите на превенција, реакција и опоравување од кризни ситуации.
Проектот „Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“ го спроведува Здружението на граѓани Младите можат, во партнерство со Супорт Кочани.
Проектот е поддржан од Владата на Швајцарија преку програмата Цивика мобилитас.

# За партнерите

## Здружение на граѓани Младите можат

**Младите можат** е здружение на граѓани формирано од млади за млади на 28 мај 2009 година. Во текот на изминатите 17 години постоење, имаме повеќе од 10 000 млади вклучени директно во проекти, програми, настани и активности и над 100 активни членови кои секојдневно придонесуваат во растењето и успехот на организацијата а со тоа и во правење на позитивни промени за нашата младина и нашата заедница.

**Области во кои работиме**

- Ментално здравје
- Кариерно советување
- Младинско учество и младински активизам

**Зошто постоиме?**

Постоиме за да им овозможиме на младите луѓе да станат активни, независни, способни и решителни граѓани кои веруваат дека МОЖАТ самостојно или здружено да учествуваат и влијаат во позитивните промени и развојот во општеството.

**Во што веруваме?**

Веруваме дека младите луѓе можат да земат активно учество во развојот на своите заедници и преку младински и социјален активизам како моќни алатки за општествена промена можат да одговорат на своите потреби во заедницата.

Youth can

## Супорт Кочани

**Супорт Кочани** е граѓанска иницијатива формирана како директен одговор на заедницата по трагичниот пожар во Кочани. Настаната во услови на вонредна состојба, организацијата се позиционираше како клучна алка во обезбедувањето итна финансиска, материјална и психосоцијална поддршка за погодените поединци и семејства.

Работата на иницијативата е насочена кон решавање на конкретни потреби преку прецизна логистика на терен. Уште во почетната фаза, преку сопствена дигитална платформа, беше овозможено прибирање финансиски донации од целиот свет, што овозможи брза и транспарентна дистрибуција на помошта. Паралелно со финансиската поддршка, организацијата обезбедува неопходни медицински помагала и го олеснува пристапот до здравствена и социјална заштита за најпогодените категории граѓани.

Како одговор на долгорочните потреби за заедницата, организацијата го основаше „Гнездо“ – Центар за психосоцијална поддршка и социјално дружење. Овој центар функционира како безбедна точка за поврзување на децата, младите и возрасните, каде преку насочени активности и работилници се поттикнува личниот развој и се гради колективната отпорност. Денес, преку мобилизација на волонтери и стручни ресурси, Супорт Кочани претставува активен систем на солидарност кој работи на системско управување со последиците од кризни ситуации.

SUPPORT KOCANI

**Издавач:**
**Здружение на граѓани Младите можат**

**За издавачот:**
**Камелија Јаневска**
***Извршен директор* на Здружение на граѓани Младите можат**

**Дијана Мицевска**
***Проектен Менаџер***
**„Поврзани во криза: Млади што градат отпорност и заедништво“**

**Автор:**
**Филип Ивковски**

**2026**

# Содржина

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Здружение на граѓани Младите можат и Супорт Кочани и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Владата на Швајцарија, Цивика мобилитас, или организациите што ја спроведуваат.

**Вовед**

**Методологија**

1. **Општ преглед на нормативна рамка во Северна Македонија**
   - 1.1 Управување со кризи, заштита и спасување
   - 1.2 Младински политики, младинска работа и сервиси за млади
2. **Анализа на резултати од спроведено истражување**
   - 2.1 Потреби на младите во услови на криза
   - 2.2 Капацитети и координација на системот
   - 2.3 Улога на младиснките центри и организации
   - 2.4 Волонтирање и вклучување на млади
3. **Минимални стандарди за вклучување на младите во услови на кризи**
   - 3.1 Европската повелба за правата и одговорностите на волонтерите
   - 3.2 Глобален волонтерски стандард
   - 3.3 Упатство на IASC (Inter-Agency Standing Committee) за работа со и за млади луѓе во хуманитарни и долготрајни кризи
   - 3.4 Агендата за млади, мир и безбедност (YPS)
4. **Компаративна анализа на добри практики**
5. **Заклучоци и препораки**
6. **Препораки за развој на протокол за работа со млади во услови на кризи**

# Вовед

**Во последните две децении,** Северна Македонија се соочува со зголемена изложеност на различни типови кризни ситуации, вклучувајќи природни непогоди, здравствени кризи и социо-економски шокови. Анализите [1]покажуваат дека пожарите и поплавите сочинуваат над 90% од регистрираните природни катастрофи во периодот 2005–2023 година, со значително зголемување на нивната зачестеност во последната деценија, што се поврзува со ефектите од климатските промени . Овие трендови укажуваат на растечка ранливост на заедниците и потреба од системски пристап кон управување со ризици и градење отпорност. Покрај природните непогоди, значајно влијание врз општеството имаше и пандемијата на COVID-19, која доведе до сериозни здравствени, економски и социјални последици. Пандемијата не само што го оптовари здравствениот систем, туку предизвика и зголемување на сиромаштијата, при што стапката на детска сиромаштија се проценува дека се зголемила од 27.8% на 32.4%, што значи дека околу 19.000 дополнителни деца се нашле под прагот на сиромаштија .

**Младите претставуваат особено чувствителна група** во вакви контексти. Од една страна, тие се доволно изложени на последиците од кризите – прекин на образованието, намалени можности за вработување, социјална изолација и влошено ментално здравје. Од друга страна, тие често не се системски препознаени како активни чинители во справување со кризи. Истражувањата покажуваат дека без соодветни мерки, кризите можат дополнително да ја продлабочат економската несигурност и социјалната исклученост кај младите, но истовремено постои значителен потенцијал за нивно вклучување во активности за поддршка и солидарност.

> *Во Северна Македонија, системот за управување со кризи се базира на мултисекторски пристап кој вклучува институции, служби за заштита и спасување и други актери, со цел намалување на ризиците и последиците од катастрофи. Сепак, постојат предизвици во координацијата, препознавањето на улогата на различните актери и интеграцијата на младинскиот сектор во овие процеси.*

**Во овој контекст,** младинската работа и младинските центри имаат потенцијал да играат значајна улога во:



**Информирање и едукација на младите**



**Обезбедување психосоцијална поддршка**



**Мобилизација на волонтери**



**Зајакнување на заедничката отпорност**

**Сепак,** нивната улога во кризни ситуации во Северна Македонија сè уште не е доволно дефинирана, структурирана и интегрирана во постојните системи. Оттука, ова истражување има за цел да ги утврди потребите на младите во услови на кризи, да ги анализира постојните капацитети и празнини во системот, како и да придонесе кон развој на протокол за работа на младинските центри и младинските организации во кризни ситуации. Со тоа, се стреми кон создавање на поотпорен, координиран и инклузивен систем за поддршка на младите во Северна Македонија.

**[1] Анализа на природни непогоди во Република Северна Македонија, 2005-2023, Центар за климатски промени (https://drive.google.com/file/d/1KK0YZ9RiSo2NUMoF_bpX7jUHjGqvdd3x/view)**

# Методологија

**Истражувањето** за пристапи во работа со млади во услови на кризи во Северна Македонија е засновано врз комбиниран методолошки пристап, кој интегрира *квантитативни и квалитативни методи* со цел да обезбеди сеопфатно и продлабочено разбирање на потребите на младите, институционалните капацитети и можностите за унапредување на системите за поддршка во кризни ситуации. Ваквиот пристап овозможува триангулација на податоците, односно вкрстување на наодите од различни извори, со што се зголемува валидноста и доверливоста на истражувачките резултати.



**Во почетната фаза** беше спроведена *анализа на постојната состојба (desk истражување)*, кое опфати систематски преглед на релевантната законска и подзаконска рамка, стратешките документи и јавните политики поврзани со управувањето со кризи, заштитата и спасувањето, волонтерството и младинските политики. Дополнително, беа анализирани извештаи, студии и публикации од домашни и меѓународни организации, со цел да се идентификуваат постојните механизми, институционалната поставеност и степенот на интеграција на младинскиот сектор во системите за управување со кризи. Овој дел од истражувањето овозможи мапирање на клучните актери, како и идентификација на празнините и предизвиците во постојниот систем.

**Паралелно со тоа**, беше спроведена *компаративна анализа на добри практики* од избрани европски држави, со цел да се идентификуваат ефективни модели на вклучување на младите во кризни ситуации. Анализата се фокусираше на постоењето на формализирани протоколи, стандарди за работа со млади, механизми за координација помеѓу институциите и граѓанскиот сектор, како и на начинот на кој младинските структури придонесуваат кон зајакнување на отпорноста на заедниците. Ваквиот компаративен пристап овозможи идентификација на преносливи практики и иновативни решенија кои можат да се адаптираат во националниот контекст.



**Квантитативната компонента** на истражувањето беше реализирана преку онлајн анкетно истражување насочено кон три целни групи: млади на возраст од 15 до 29 години, родители/старатели и институции/организации. Преку анкетите се прибираа податоци за перцепциите, искуствата и ставовите на испитаниците во однос на потребите на младите во услови на кризи, нивната подготвеност за справување со вакви ситуации, како и нивните очекувања во однос на улогата на институциите, младинските организации и младинските центри. Дополнително, беа опфатени прашања поврзани со можностите и условите за вклучување на младите во волонтерски активности, како и потребата од воспоставување на минимум стандарди за нивна безбедност и поддршка. Овој дел од истражувањето обезбеди квантитативни индикатори и овозможи идентификација на трендови и обрасци релевантни за истражувачките цели.

**Со цел продлабочување и контекстуализација на квантитативните наоди,** беа спроведени фокус групи со млади во три различни градови во Северна Македонија. Овој метод овозможи подетално разгледување на искуствата, перцепциите и ставовите на младите, како и валидација на прелиминарните наоди добиени преку анкетното истражување. Фокус групите создадоа простор за интерактивна дискусија, преку која беа идентификувани клучни аспекти на потребите на младите, нивните очекувања од институциите и организациите, како и нивната подготвеност за активно учество во кризни ситуации. Дополнително, овој метод овозможи тестирање на иницијалните идеи за улогата на младинските центри и нивниот потенцијален придонес во кризни контексти.



**Квалитативната компонента** на истражувањето беше дополнително зајакната преку спроведување на полуструктурирани интервјуа со претставници од релевантни институции и организации, вклучувајќи актери од системот за управување со кризи, социјалната заштита, образованието, здравството, безбедносните служби, како и претставници од граѓанскиот сектор и младинската работа. Интервјуата беа насочени кон прибирање на експертски увиди за постојните капацитети, предизвиците во функционирањето на системот, нивото на координација помеѓу различните актери, како и можностите за поефективно вклучување на младите во кризни ситуации. Овој метод овозможи формулирање на конкретни препораки засновани на практично искуство и професионална експертиза.



**Анализата** на собраните податоци беше спроведена преку комбинирање на дескриптивна статистика за квантитативните податоци и тематска анализа за квалитативните податоци добиени од фокус групите и интервјуата. Дополнително, беше применета компаративна анализа помеѓу различните целни групи, со цел да се идентификуваат сличности и разлики во перцепциите и потребите. Овој интегриран аналитички пристап овозможи синтеза на наодите и нивно користење како основа за формулирање на препораки и развој на протокол за работа на младинските центри и младинските организации во услови на кризи.

**Ваквиот методолошки дизајн** обезбедува високо ниво на релевантност и применливост на резултатите, имајќи предвид дека ги вклучува клучните засегнати страни и комбинира различни извори на податоци. Истовремено, тој овозможува развој на практично ориентирани решенија кои се засноваат на реални потреби, постојни капацитети и идентификувани системски предизвици, со што придонесува кон унапредување на младинската работа и зајакнување на отпорноста на младите во услови на кризи.

**И покрај сеопфатниот методолошки пристап,** истражувањето има одредени ограничувања кои треба да се земат предвид при интерпретација на наодите. Квантитативниот дел, спроведен преку онлајн анкети, се базира на доброволно учество, што може да доведе до ефект на само-селекција и ограничена репрезентативност на примерокот. Дополнително, онлајн форматот може да исклучи одредени категории на млади со ограничен пристап до интернет, особено во рурални средини.

**Квалитативните методи,** вклучително фокус групите и полуструктурираните интервјуа, овозможуваат продлабочени увиди, но не дозволуваат генерализација на наодите. Во рамки на фокус групите, групната динамика може да влијае врз изразувањето на ставовите, додека кај интервјуата постои потенцијал за субјективност поврзана со професионалните позиции и искуства на испитаниците. Дополнително, иако изборот на учесници беше насочен кон релевантни засегнати страни, не може целосно да ги опфати сите перспективи во системот.



**Конечно,** анализа на секундарни извори и добрите практики се засноваат на достапни извори, чиј опфат и квалитет можат да варираат, а преносливоста на идентификуваните добри практики е ограничена од специфичностите на националниот контекст. Воедно, имајќи предвид дека кризите се динамична појава, наодите ја рефлектираат состојбата во моментот на спроведување на истражувањето и треба да се толкуваат во соодветен временски и контекстуален рамки.

**И покрај овие ограничувања,** комбинираниот методолошки пристап и вклучувањето на различни извори на податоци овозможуваат солидна основа за извлекување на релевантни заклучоци и формулирање на препораки, при што резултатите треба да се толкуваат во рамки на наведените контекстуални и методолошки фактори.



# 1. ОПШТ ПРЕГЛЕД НА НОРМАТИВНА РАМКА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# 1.1. Управување со кризи, заштита и спасување

**Во Република Северна Македонија,** системот за управување со кризи е уреден преку *Закон за управување со кризи*[1] кој претставува клучен правен акт што ја дефинира законската и институционалната рамка за справување со кризни состојби. Со овој закон се уредуваат организацијата и функционирањето на системот, процесите на одлучување и употреба на ресурси, како и комуникацијата, координацијата и соработката помеѓу релевантните актери. Дополнително, законот ги опфаќа и прашањата поврзани со процената на загрозеноста на безбедноста, планирањето и финансирањето, што укажува на неговиот сеопфатен пристап кон управувањето со кризи.

> *Кризата, согласно законската дефиниција, се разбира како појава која ги загрозува основните вредности, трајните и виталните интереси и цели на државата, односно уставниот поредок и безбедноста на Републиката. Оваа дефиниција упатува на тоа дека кризите не се ограничени само на природни непогоди или технички инциденти, туку можат да опфатат и пошироки безбедносни, политички и општествени предизвици кои имаат потенцијал да влијаат врз стабилноста на државата.*

**Системот за управување со кризи** се карактеризира со мултисекторски и мултиактерски пристап. Во него учествуваат органите на државната власт, вклучително Собранието, Претседателот и Владата, како и органите на државната управа. Значајна улога имаат и вооружените сили, односно Армијата, како и силите за заштита и спасување. На локално ниво, во системот се вклучени општините и Градот Скопје, што овозможува територијално децентрализиран пристап кон управувањето со кризи. Покрај институционалните актери, законот предвидува можност за вклучување и на јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, како и граѓаните, здруженијата на граѓани, Црвениот крст, невладините и хуманитарните организации и медиумите. Нивното учество се базира на доброволна и договорна основа, што отвора простор за поширока општествена мобилизација, особено во делот на превенција, рано предупредување и справување со кризни состојби.

**Во институционална смисла,** системот се потпира на неколку клучни тела и механизми. Управувачкиот комитет и Групата за процена имаат стратешка и аналитичка улога во процесот на донесување одлуки, додека Дирекцијата за управување со кризи, односно Центарот за управување со кризи, претставува оперативно тело задолжено за координација и функционирање на системот. Дополнително, воспоставени се 35 регионални центри за управување со кризи, кои овозможуваат теренска покриеност и побрза реакција во различни делови од државата

**Посебно значајна е улогата на општините,** кои во рамките на своите надлежности имаат обврска активно да учествуваат во превенцијата и справувањето со кризни состојби. Тие се должни да ги следат состојбите и појавите кои можат да доведат до криза, да вршат процена на ризиците и опасностите и да донесуваат соодветни документи, како што е Процената на загрозеност. Исто така, општините изработуваат програми за ревитализација по завршување на кризата, ги планираат и обезбедуваат потребните ресурси и ги спроведуваат одлуките на Владата. Во овој процес, градоначалникот има клучна координациска улога на локално ниво. Процените на загрозеност се изработуваат во соработка со регионалните центри за управување со кризи, што дополнително ја зајакнува врската помеѓу локалното и централното ниво.



[1] Интернализација, Дистрибуција, Објаснување, Акција
[2] https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=8800

**Покрај Законот за управување со кризи**, значаен сегмент од законската рамка претставува и Законот за заштита и спасување[1], кој обезбедува пооперативен и секторски пристап кон справувањето со последиците од кризни состојби. Со овој закон се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет, како и културното наследство од природни непогоди и други несреќи, во услови на мир, вонредна и воена состојба. Ваквиот широк опфат укажува на интегриран пристап кој ги поврзува безбедносните, еколошките и општествените аспекти на кризите.

**Системот за заштита и спасување** се спроведува преку координирано делување на повеќе актери, при што централна улога имаат државните органи и органите на државната управа, но истовремено се вклучуваат и единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи, трговските друштва, здруженијата на граѓани и самите граѓани. Овој закон, слично како и Законот за управување со кризи, предвидува широка општествена мобилизација и мултиактерски пристап, при што активностите се реализираат согласно законските одредби, подзаконските акти, како и техничките стандарди и правила.

**Во институционална смисла, клучна улога има Дирекцијата за заштита и спасување, која функционира како самостоен орган на државната управа со својство на правно лице. Во рамките на Дирекцијата се воспоставуваат и подрачни организациони единици, кои ја следат територијалната распределба на регионалните центри за управување со кризи, со што се обезбедува теренска присутност и оперативна подготвеност за интервенција. Овој институционален дизајн овозможува релативно високо ниво на координација помеѓу централното и локалното ниво во процесите на заштита и спасување**

**Законот** содржи и детални одредби кои го регулираат постапувањето во различни фази на заштитата и спасувањето, меѓутоа тие не се од директно значење за фокусот на ова истражување. Од особена важност, сепак, е начинот на кој се уредува учеството на здруженијата на граѓани и невладиниот сектор. Имено, законот предвидува дека здруженијата на граѓани, хуманитарните и невладините организации можат доброволно да учествуваат во активностите за заштита и спасување, врз основа на закон и меѓународни договори.

Нивното вклучување е условено со претходна согласност од надлежниот орган на единицата на локалната самоуправа или од Дирекцијата, која воедно ја има и координациската улога во однос на нивното учество.

**Дополнително,** доколку овие организации ги исполнуваат пропишаните критериуми во однос на кадровските и материјално-техничките капацитети, тие можат да бидат вклучени и врз основа на однапред склучени договори со надлежните институции. Со овие договори подетално се утврдуваат обврските и одговорностите на страните, што придонесува кон појасно дефинирање на нивната улога во системот.

**Ваквата поставеност** укажува дека во Република Северна Македонија постои јасно воспоставен и законски уреден систем за управување со кризи и заштита и спасување, а вклучување на граѓанскиот сектор, вклучително и младите, во различни фази од кризниот циклус. Сепак, и покрај оваа нормативна основа, воочлив е недостаток на конкретна операционализација на соработката со граѓанскиот сектор, особено со младинските организации и неформалните младински групи.





**Дополнително,** отсуствува подетална и специјализирана нормативa која би го уредила нивното учество на појасен, структурираен и безбеден начин, вклучително и дефинирање на улогите, одговорностите, механизмите за координација и стандардите за заштита. Овој нормативен јаз има значајни импликации, бидејќи го ограничува потенцијалот за ефективно и смислено вклучување на младите, но и отвора прашања поврзани со нивната безбедност, подготвеност и соодветен одговор на нивните специфични потреби за време на кризни состојби.

[1] https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=8800

# 1.2. Младински политики, младинска работа и сервиси за млади

**Во последната деценија,** Северна Македонија презема значајни чекори во насока на јакнење на младинските политики и институционализирање на младинската работа. Особено значајно е усвојувањето на *Законот за младинско учество и младински политики во 2020 година*, како и развојот на подзаконски акти и стратешки документи кои дополнително ја уредуваат оваа област. Овие процеси отворија простор за формално препознавање и поддршка на младинските центри како клучна инфраструктура за младинска работа на локално ниво.

**Законот за младинско учество и младински политики[1] претставува првиот системски обид за воспоставување сеопфатна законска рамка за младинскиот сектор. Со него се дефинираат младите како лица на возраст од 15 до 29 години и се уредуваат формите на младинско организирање, учеството на младите во процесите на донесување одлуки, како и улогите на институциите на национално и локално ниво во унапредувањето на нивната положба. Законот исто така ги дефинира младинската работа и младинските услуги, и ја нагласува обврската на единиците на локалната самоуправа да обезбедат услови за активно младинско учество. Во таа насока, една од клучните одредби е обврската секоја општина да воспостави младински центар, со цел да се обезбеди еднаков пристап до информации, програми и услуги за младите. Дополнително, преку воспоставување на локални младински совети и Национално собрание на млади, се зајакнува улогата на младите во креирањето и следењето на јавните политики.**

***Националната стратегија за млади 2023–2027[2]*** ја надградува оваа рамка, поставувајќи долгорочни насоки за развој на младинскиот сектор. Во овој документ, младинските центри се препознаени како клучен механизам за спроведување на младинските политики на локално ниво. Стратегијата ја истакнува потребата од зајакнување на капацитетите на младинските работници, обезбедување одржливо финансирање и унапредување на инклузивноста на младинските центри, со посебен акцент на ранливите категории млади. На овој начин, младинските центри се позиционираат како простори кои не само што обезбедуваат услуги, туку и придонесуваат кон активно, одговорно и интегрирано учество на младите во општеството.



**Дополнително,** ***Правилникот за стандарди за квалитет на младински центри (2020)*** претставува важен инструмент за операционализација на законските одредби. Со него се утврдуваат минималните услови кои треба да ги исполнуваат младинските центри во однос на просторните, кадровските, финансиските и програмските аспекти. Преку дефинирање на стандарди за квалитет, како што се обезбедување обучен младински работник, разновидна програмска понуда и создавање безбедна и достапна средина за младите, се поставува основа за конзистентна и квалитетна младинска работа на локално ниво.

**Сепак,** и покрај воспоставената нормативна рамка, состојбата со младинските центри укажува на значајни предизвици во нивната имплементација. Иако законската обврска предвидуваше секоја општина да воспостави младински центар во рок од пет години, рок кој истече во јануари 2025 година, според податоците од последниот мониторинг извештај[3] на Националниот младински совет, младински центри функционираат во само 14 општини. Дополнително, само половина од нив имаат развиена програма за работа, што укажува на ограничени капацитети и недоволна функционалност на дел од постојните центри.



[1] https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=5171
[2] https://cms.mtsp.gov.mk/content/pdf/2025/nacionalna_strategija_mladi_23_27.pdf1
[3] https://www.nms.org.mk/montioring_izvestaj_zmump_2024/

**И покрај овие предизвици,** останува јасна потребата од постоење на младински центри како безбедни и достапни простори каде младите можат да добијат информации, услуги и поддршка. Во тој контекст, нивното препознавање и понатамошно јакнење, особено во услови на кризи, претставува значаен потенцијал. Младинските центри можат да играат двојна улога – како места за обезбедување поддршка и сигурност за младите, но и како платформи за нивно активно вклучување во одговорот на кризни состојби, преку волонтерски активности и заеднички иницијативи. Ваквиот пристап не само што придонесува кон подобро адресирање на потребите на младите, туку и кон зајакнување на нивната улога како активни и одговорни чинители во заедницата.

**Паралелно со претходно анализираните законски рамки,** значајно место во уредувањето на учеството на граѓаните, вклучително и младите, во општествени активности има и ***Закон за волонтерство***[1]. Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на волонтерството, правата и обврските на волонтерите и организаторите на волонтерска работа, договорот за волонтерство, како и евиденцијата на волонтерската работа. На тој начин, се воспоставува формална и правно уредена рамка за ангажман на лица кои доброволно придонесуваат со свој труд, знаења и вештини, без паричен надомест.



**Волонтерството,** согласно законот, се дефинира како доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и/или вршење на други активности во корист на други лица, институции, организации и органи, без надомест. Оваа дефиниција ја нагласува неговата суштинска карактеристика на доброволност и општествена корисност, при што волонтерството претставува важен механизам за граѓанско учество и солидарност, особено во ситуации на зголемена општествена потреба, како што се кризи или вонредни состојби.



**Иако законот** по својата природа има релативно технички и процедурален карактер, во контекст на ова истражување тој е значаен бидејќи воспоставува јасни обврски за организаторите на волонтерска работа, со што директно влијае на безбедноста, заштитата и квалитетот на волонтерскиот ангажман. Меѓу клучните обврски се вклучуваат задолжението волонтерот пред започнување на ангажманот писмено да биде запознаен со своите права и обврски, како и со условите и потенцијалните ризици поврзани со волонтирањето. Понатаму, организаторот е должен да го запознае волонтерот со внатрешните акти на организацијата, во делот кој се однесува на неговиот ангажман, да обезбеди соодветни средства за заштита при работа согласно прописите за безбедност и здравје при работа, како и да обезбеди обука кога тоа е неопходно за извршување на конкретната волонтерска активност.

**Овие одредби се особено значајни во контекст на младинското учество, бидејќи воспоставуваат минимални стандарди за заштита и информираност на волонтерите, вклучително и младите кои најчесто се вклучуваат во вакви активности. Во поширок контекст на управување со кризи и младинско учество, Законот за волонтерство претставува важен правен инструмент кој овозможува структурирано вклучување на граѓаните, но истовремено укажува и на потребата од внимателно управување со ризиците и одговорностите при нивно ангажирање.**

[1] https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=13019

# 2. АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНО ИСТРАЖУВАЊЕ



**Овој дел** ги презентира клучните наоди од спроведеното истражување за младинска работа во услови на кризи во Северна Македонија, базирани на комбиниран пристап на прибирање податоци од повеќе извори. Анализата се темели на квантитативни и квалитативни податоци добиени преку онлајн анкети со вкупно 450 млади лица, 100 родители/старатели и 100 претставници од стручната јавност, како и преку 20 полуструктурирани интервјуа со релевантни засегнати чинители од институции и организации. Дополнително, беа спроведени три фокус групи со вкупно 42 млади учесници, со цел продлабочување и валидација на наодите од анкетното истражување.

**Анализата на податоците** е спроведена преку комбинирање на дескриптивна статистика за квантитативните податоци и тематска анализа за квалитативните податоци добиени од интервјуата ифокус групите. Притоа, беше применет интегративен пристап кој овозможува вкрстување и споредба на перцепциите помеѓу различните целни групи, со цел идентификување на конзистентни наоди, но и на потенцијални разлики во нивните ставови и искуства. Ваквиот пристап придонесува кон подлабоко разбирање на комплексноста на потребите на младите и функционирањето на системот во услови на кризи.

**Со цел обезбедување на јасна и логична структура, наодите се организирани во четири тематски целини. Првата целина се однесува на потребите на младите во услови на кризи и ги разгледува клучните области на поддршка. Втората целина се фокусира на институционалната поддршка и функционирањето на системот. ретата целина ја разгледува улогата на младинските центри и организациите во обезбедувањето поддршка за младите, додека четвртата целина е посветена на волонтирањето на младите, со посебен осврт на аспектите на безбедност и услови за нивно вклучување. Ваквата тематска поставеност овозможува систематско презентирање и интерпретација на наодите, како основа за формулирање на препораки и развој на протокол за работа со млади во услови на кризи.**

# Демографски преглед на испитаници

## женски пол 71.7%



## машки пол 28.3%

**Во рамки на анкетното истражување** со млади, најголемиот дел од испитаниците припаѓаат на возрасната група од 15 до 19 години (77%), додека 16,2% се на возраст од 20 до 24 години, а 6,9% се на возраст од 25 до 29 години. Во однос на местото на живеење, 85,8% од младите живеат во урбани средини, додека 14,2% потекнуваат од рурални средини. Според родовата структура, 71,7% од испитаниците се од женски пол, а 28,3% од машки пол.




урбана средина 85.8%



рурална средина 14.2%

**Анкетата со родители/старатели** опфати поширока возрасна дистрибуција, при што 5,1% се на возраст од 25 до 29 години, 10,1% од 30 до 34 години, 11,4% од 35 до 39 години, 15,2% од 40 до 44 години, 22,8% од 45 до 49 години, 21,5% од 50 до 55 години и 13,9% се на возраст над 55 години. Огромното мнозинство од родителите/старателите, односно 96,2%, живеат во урбани средини, додека 3,8% се од рурални средини. Во однос на родовата структура, 89,9% од испитаниците се од женски пол, а 10,1% од машки пол.




женски пол 89.9%

машки пол 10.1%



урбана средина 96.2%



рурална средина 3.8%

**Претставниците од стручната јавност** вклучени во истражувањето доаѓаат од повеќе релевантни сектори, со цел обезбедување на интерсекторска перспектива. Најголем дел од нив работат во областа на образованието (40,7%), следени од социјална заштита (17,6%), здравство (14,3%), граѓанскиот сектор (16,5%), додека 4,4% се претставници од безбедносниот сектор (полиција, армија). Дополнително, 5,5% се ангажирани во други сродни области.




**Фокус групите** беа реализирани со вкупно 42 млади лица на возраст од 15 до 29 години. Структурата на учесниците покажува дека 69% се од женски пол, додека 31% се од машки пол. Во однос на местото на живеење, 84% од учесниците потекнуваат од урбани средини, а 16% од рурални средини, што овозможува увид во различни контексти на младинското искуство.

**Структурата на интервјуираните лица** опфати младински работници (30%), здравствени работници (15%), социјални работници (20%), стручни соработници од областа на образованието (20%), како и психолози и психотерапевти (15%). Ваквата распределба овозможува интердисциплинарен увид во темата и придонесува кон сеопфатно разбирање на институционалните и професионалните перспективи поврзани со младинската работа во услови на кризи.

## 2.1. Потреби на младите во услови на кризи

**Анализата на податоците** поврзани со потребите на младите во услови на кризи покажува дека значителен дел од испитаниците имаат директно искуство со различни типови кризни ситуации. На прашањето дали некогаш биле погодени од криза, 86,1% од младите одговориле потврдно. Во рамки на истражувањето, под поимот криза беа опфатени исклучиво општествени и природни кризни ситуации, како што се пандемии, природни непогоди и други системски нарушувања, а не индивидуални или семејни кризи.




**Во однос на типот на кризи** со кои се соочиле, најголем дел од младите ја наведуваат пандемијата како најчесто искуство (79%). Потоа следуваат земјотресите (37,6%), социјалните и економските кризи (14,8%), пожарите (13,9%) и поплавите (6%). Овие податоци укажуваат дека младите во Северна Македонија најчесто се изложени на кризи од широко општествено и системско влијание, при што пандемијата претставува доминантно заедничко искуство.




**Во однос на влијанието на кризните ситуации** врз нивниот секојдневен живот, повеќе од половина од младите истакнуваат негативно влијание врз менталното здравје (53,4%) и ограничување на социјалната интеракција и дружење (53,2%). Дополнително, значаен дел од испитаниците наведуваат прекин или нарушување на образовниот процес (34,2%), како и влијание врз физичкото здравје (31,5%). Помал, но сè уште релевантен процент од 18,7% укажуваат на финансиски последици, додека 13,7% истакнуваат недостиг на навремени и точни информации како фактор што влијаел врз нивното справување со кризите. Само 2,4% од младите сметаат дека кризите немале значително влијание врз нив.










**Следствено на идентификуваните влијанија**, младите ги рангираат своите потреби во кризни ситуации, при што најизразена е потребата од психолошка поддршка (67%). Високо рангирана е и потребата од точни и навремени информации (64,7%), што укажува на значењето на комуникацијата и информираноста во услови на криза. Повеќе од половина од испитаниците (55,8%) истакнуваат потреба од безбедни простори за собирање и социјална интеракција. Понатаму, се идентификуваат потреби за културни и забавни активности (34,5%), едукативни активности (30,5%) и материјална поддршка (34,1%). Иако дигиталните ресурси се сè повеќе присутни, само 16,8% од младите ги наведуваат онлајн поддршката и ресурсите како значајна потреба, додека 16,2% ја истакнуваат важноста на волонтерските активности.




**Овие наоди** се во голема мера потврдени и преку квалитативните податоци од фокус групите со млади, каде дополнително се истакнува дека младите често не чувствуваат дека институциите навремено и соодветно ги препознаваат и адресираат нивните потреби во кризни ситуации. Ова резултира со недоволна или несоодветна поддршка, како во однос на содржината, така и во однос на начинот на кој таа се обезбедува.



**Перцепциите на родителите/старателите** дополнително ја потврдуваат високата изложеност на младите на ризици во кризни ситуации. Според нив, 27% сметаат дека младите се исклучително високо изложени, додека 59% ја оценуваат изложеноста како висока. Само 13% сметаат дека изложеноста е умерена, а минимален процент од 1% ја оценуваат како ниска. Во согласност со ова, над 90% од родителите изразуваат загриженост за безбедноста на нивните деца во услови на кризи, при што 50% се исклучително загрижени, а 46% многу загрижени.




**Интересно е дека родителите/старателите** во голема мера ги препознаваат истите приоритетни потреби како и младите, што укажува на релативна усогласеност меѓу двете групи. Тие највисоко ги рангираат потребите за пристап до точни и навремени информации (68,6%) и безбедни простори за младите (67,4%), следени од психолошка поддршка (64%) и социјална поддршка и интеракција со врсници (54,7%). Понатаму, се истакнуваат едукативни активности (40,7%), културни и забавни активности (32,6%) и материјална поддршка (18,6%). Најниско рангирана повторно останува потребата од онлајн поддршка и ресурси (16,3%).



**Слична тенденција** се забележува и кај претставниците од стручната јавност, кои највисоко ја рангираат потребата од психолошка поддршка (82%), следена од навремено и точно информирање (61%), социјалната поддршка (51%) и обезбедување на безбедни и сигурни простори (50%). Дополнително, тие ја нагласуваат важноста од едукативни активности (47%) и волонтерското вклучување на младите (36%), додека онлајн поддршката повторно е најниско рангирана (9%).




**Наодите** од полуструктурираните интервјуа со релевантни чинители во голема мера ја потврдуваат оваа слика. Експертите посочуваат дека психосоцијалната поддршка и навремената информираност се клучни елементи за ефикасно справување со кризни ситуации кај младите. Истовремено, се нагласува потребата од дополнително јакнење на едукативните компоненти, особено во насока на подготовка на младите за самозаштита, реагирање и активно учество во кризни ситуации.



**Анализата на перцепциите** за информираноста на младите во однос на кризни ситуации укажува на умерено ниво на самопроценета информираност. Имено, најголем дел од младите (49,3%) ја оценуваат својата информираност со средна оценка (3) на скала од 1 до 5, што укажува на чувство на делумна, но недоволна подготвеност. Дополнително, 21% од младите ја оценуваат својата информираност со повисока оценка (4), додека 15,5% сметаат дека се слабо информирани (оценка 2). Значаен дел од испитаниците, односно 8,2%, се изјаснуваат дека воопшто не се информирани, додека само 6% сметаат дека се целосно информирани. Овие наоди укажуваат на тоа дека, иако постои одредено ниво на информираност, кај младите доминира перцепција на делумна подготвеност и простор за значително унапредување.




**Наспроти самоперцепцијата на младите,** ставовите на родителите укажуваат на пониско ниво на доверба во подготвеноста на младите за справување со кризни ситуации. Повеќе од половина од родителите и старателите сметаат дека младите се слабо подготвени, додека околу една третина оценуваат дека тие се умерено или доволно подготвени. Само мал дел, односно 7%, ја оценуваат подготвеноста на младите како висока. Овој јаз помеѓу перцепцијата на младите и оценката на родителите укажува на потреба од дополнително зајакнување на капацитетите на младите, но и на системска поддршка која ќе придонесе кон градење на нивната реална подготвеност за справување со кризни ситуации.



# 2.2. Капацитети и координација на системот

**Анализата на очекувањата на младите** во однос на изворите на поддршка во услови на кризи укажува на силна ориентација кон неформалните мрежи како примарен механизам за справување. Имено, дури 83% од младите ја очекуваат поддршката од пријателите и семејството, што ги позиционира овие актери како најважен столб на поддршка во кризни ситуации. Институционалната поддршка, иако значајна, е перципирана како секундарна, при што 57% од младите очекуваат поддршка од државните институции. Во исто време, значително понизок процент од младите (16,4%) очекуваат поддршка од локалните институции, што укажува на ограничена видливост или доверба во нивната улога. Училиштата и младинските центри се перципирани како извор на поддршка од околу една петтина од младите, додека 15% ја препознаваат улогата на граѓанските организации. Овие податоци не ја негираат важноста на институциите и организациите, туку ја нагласуваат хиерархијата на очекувања кај младите и нивната примарна ориентација кон блиските социјални кругови.




**Перцепциите на родителите** дополнително ја нагласуваат комплексноста на одговорноста за заштита на младите во кризни ситуации. Поголемиот дел од родителите (59%) сметаат дека оваа одговорност е заедничка, односно поделена помеѓу семејството, институциите и пошироката заедница. Сепак, 26% од родителите ја гледаат државата како примарен носител на одговорноста, додека само 5% ја препознаваат улогата на локалните институции, што е конзистентно со ниските очекувања кај младите. Околу 10% од родителите ја истакнуваат личната одговорност, што укажува на постоење на различни разбирања за распределбата на улогите во системот.




**Загрижувачки наод** претставува ниското ниво на доверба во институциите кога станува збор за обезбедување сигурна средина за младите во услови на кризи. Речиси половина од родителите (46%) воопшто не им веруваат на институциите, додека дополнителни 32% имаат ниско ниво на доверба. Само 21% изразуваат умерена доверба, а минимални 1% целосна доверба. Оваа ниска доверба е дополнително потврдена преку оценката на капацитетите на институциите за препознавање на потребите на младите, при што 83% од родителите сметаат дека институциите не ги препознаваат доволно овие потреби. Просечната оценка изнесува 1,7 на скала од 1 до 5, што укажува на значително незадоволство од перформансите на системот.




**Слични перцепции** се забележуваат и кај претставниците од институциите и организациите, што укажува на постоење на критичка самоперцепција во системот. Имено, 53% од нив ги оценуваат институционалните капацитети за препознавање на потребите на младите како ниски, додека 34% даваат средна оценка. Само 3% ја оценуваат оваа способност со висока оценка, при што просечната вредност изнесува 2,1. Иако нешто повисока од оценката на родителите, оваа оценка сè уште укажува на значителни ограничувања во функционирањето на системот.



**Оценка од страна на родители за препознавање на потребите на млади од страна на институциите**




**Оценка од страна на инстиции/организации за препознавање на потребите на млади од страна на институциите**




**Во однос** на оперативните капацитети за справување со кризни ситуации, претставниците од институциите и организациите ги идентификуваат недостатокот на координација, ресурси и обучен кадар како најзначајни предизвици, при што сите три категории бележат по 74%. Дополнително, 44% укажуваат на недостаток на информации, додека 39% ја истакнуваат недоволната вклученост на заедницата како значаен проблем. Овие податоци укажуваат на структурни слабости во системот кои го ограничуваат неговото ефикасно функционирање во услови на кризи.




**Наодите** од полуструктурираните интервјуа дополнително ги продлабочуваат овие согледувања, при што експертите укажуваат дека, иако постои одредена нормативна рамка за координација, нејзината практична имплементација е ограничена и често неефикасна. Истовремено, се нагласува дека институциите се соочуваат со значителни ограничувања во однос на ресурсите и човечките капацитети. Иако постои изразена потреба и мотив за поголемо вклучување на заедницата, вклучително и младите, недостасуваат јасно дефинирани механизми и протоколи кои би го овозможиле тоа на систематски и безбеден начин.



**Севкупно,** наодите укажуваат на јасен јаз помеѓу очекувањата на младите и родителите од една страна, и перформансите и капацитетите на институционалниот систем од друга страна. Овој јаз се рефлектира не само преку ниското ниво на доверба, туку и преку ограничената координација, недоволните ресурси и отсуството на структурирани механизми за вклучување на младите. Ваквата состојба укажува на потребата од системски пристап кон јакнење на капацитетите, подобрување на координацијата и развој на јасни протоколи за работа со млади во услови на кризи.

## 2.3. Улога на младински центри и организации

**Анализата** на податоците поврзани со улогата на младинските центри и организациите укажува на умерено ниво на препознавање на нивната улога, но и на значителен простор за подобрување во однос на видливоста и разбирањето на нивната функција. Имено, 44% од младите ја препознаваат улогата на младинските центри, иако нивниот број во државата е ограничен. Истовремено, 38,5% од младите не се сигурни во однос на нивната улога, додека 17,3% воопшто не се запознаени со неа, што укажува на значителен недостаток на информираност и системска промоција.

> **Во споредба со младите, родителите покажуваат повисоко ниво на запознаеност, при што 71% од нив изјавуваат дека се запознаени со улогата на младинските центри, додека 18% не се сигурни, а 11% воопшто не се информирани. Слично, мнозинство од претставниците на институциите и организациите (68%) наведуваат дека се генерално запознаени со концептот на младинска работа и младински центри, додека 32% имаат ограничени познавања. Овие наоди укажуваат дека, иако концептот е делумно препознаен, неговото практично разбирање и позиционирање во системот сè уште не е целосно развиено.**

**Дополнително,** податоците покажуваат дека информираноста на младите за постоењето на младински центри на локално ниво е ограничена. Само 41,4% од младите знаат дека постои младински центар во нивната општина, додека речиси половина (49,1%) не се сигурни, а 9,5% сметаат дека таков центар не постои. Ова укажува на значителен јаз помеѓу формалното постоење на младински центри и нивната реална видливост и достапност за младите.

**Во однос на перцепциите** за тоа каде младите најлесно би можеле да добијат поддршка во услови на кризи, родителите највисоко ги рангираат училиштата (79%), по што следуваат младинските центри (68%). Онлајн платформите и граѓанските организации се исто така релативно високо позиционирани, со 49% и 46% соодветно, додека здравствените установи (22%) и единиците на локалната самоуправа (10%) се значително пониско рангирани. Овие наоди укажуваат дека младинските центри имаат потенцијал да се позиционираат како важен канал за поддршка, веднаш по формалниот образовен систем.






**Перцепцијата** за значењето на младинските центри е дополнително нагласена преку високото ниво на согласност кај родителите дека е многу важно младите да имаат безбеден простор каде можат да се информираат, да добијат поддршка и да се вклучат во активности во услови на криза (83%). Во однос на довербата, младите ја оценуваат можноста да добијат поддршка од младинските центри со просечна оценка од 3,26, додека родителите изразуваат нешто повисока доверба, со просечна оценка од 3,87. Овие податоци укажуваат на умерено позитивна, но не целосно консолидирана доверба во младинските центри како актери во кризни ситуации.

**Оценка на доверба од страна на страна на младите**




**Оценка на доверба од страна на страна на родителите**




**Перцепцијата на институциите** и организациите е претежно позитивна, при што 46% од нив даваат највисока оценка за потенцијалот на младинските центри да придонесат во кризни ситуации, додека 31% даваат оценка 4, а 20% оценка 3. Ова укажува на релативно висок степен на признавање на нивната улога од страна на системските актери.

**Во однос** на конкретните очекувања од младинските центри, постои значајна усогласеност помеѓу младите, родителите и институциите. Младите најмногу очекуваат информирање и едукација (70%), психолошка поддршка (64%), организирање на волонтерски активности (48%) и поддршка на врсници (45%). Родителите ги нагласуваат истите функции, но со уште поголем интензитет, при што 84% очекуваат информирање и едукација, 82% организација на активности, 73% психолошка поддршка и 63% организирање на волонтерска работа. Институциите и организациите дополнително ја прошируваат оваа перспектива, нагласувајќи ја улогата на младинските центри во информирањето (84%), мобилизацијата на волонтери (72%), едукацијата и подготовката за кризи (64%), психосоцијалната поддршка (63%), како и во комуникацијата со институциите и заедницата (62%) и поддршката на ранливите групи (59%).



**Покрај тоа,** постои јасна поддршка за зголемување на улогата на младинските организации во кризни ситуации. Мнозинство од родителите (87%) сметаат дека тие треба да имаат поголема улога, додека 70% од институциите и организациите сметаат дека младинските организации треба да бидат формално препознаени во системот за управување со кризи. Сепак, оваа потреба е во контраст со тековната состојба, во која координацијата помеѓу институциите и граѓанскиот сектор е оценета како ниска, со просечна оценка од 2,3 на скала од 1 до 5.




**Севкупно,** наодите укажуваат дека младинските центри и организации имаат значителен потенцијал да играат клучна улога во поддршката на младите во услови на кризи, но нивната моментална позиционираност е ограничена од недоволна видливост, недоволна системска интеграција и слаба координација со институциите. Ова укажува на потребата од нивно појасно институционално препознавање, јакнење на капацитетите и воспоставување на формализирани механизми за соработка.

# 2.4. Волонтирање и вклучување на млади

**Анализата** на податоците поврзани со волонтирањето покажува висок потенцијал за активно вклучување на младите во услови на кризи. Имено, 56,9% од младите изразуваат подготвеност да волонтираат, додека значителен дел од 34,7% се изјаснуваат како несигурни. Само 8,4% од младите наведуваат дека не би се вклучиле во волонтерски активности. Овие податоци укажуваат на постоење на широка база на потенцијални млади волонтери, при што несигурноста кај дел од нив може да се интерпретира како простор за интервенција преку соодветна подготовка и поддршка.

**Дали би волонтирал/а во време на криза?**




**Дали сметате дека младите треба да бидат вклучени во волонтерски активности во кризи?**




**Слично,** 80% од претставниците на институциите и организациите сметаат дека младите треба да бидат вклучени во волонтерски активности во услови на кризи, додека останатите 20% поддржуваат делумна вклученост. Ова укажува на широка согласност помеѓу сите засегнати страни за значењето на младинското учество.

**Дали би дозволиле вашето дете да се вклучи во активности за помош и поддршка за време на јавна криза?**




**Подготвеноста** на младите за волонтирање е дополнително поддржана и од страна на родителите и старателите. Имено, 41% од нив би дозволиле директно вклучување на своите деца, додека 52% би го условиле тоа одлуката со квалитетот на условите и безбедноста. Само мал дел од родителите не се сигурни (5%) или не би дозволиле вклучување (2%). Ова укажува на висок степен на отвореност, но и на силна потреба од гарантирање на безбедни и контролирани услови за волонтирање.

**Во однос** на мотивацијата, младите најчесто се водени од желбата да придонесат кон заедницата (50%), што укажува на развиено чувство на солидарност и општествена одговорност. Дополнително, мотивирачки фактори се стекнувањето искуство (20,6%), создавањето нови социјални врски (11,7%) и развојот на нови вештини (10,2%).

**Што најмногу би те мотивирало да волонтираш?**



**Сепак,** и покрај високата мотивација, младите изразуваат сериозни загрижености поврзани со нивното потенцијално вклучување. Најголем дел од нив (65,5%) ја истакнуваат личната безбедност како примарен ризик, следена од недостаток на опрема (45,6%), како и недостаток на обука, поддршка и менторство. Дополнително, 28,5% ја нагласуваат и загриженоста од недоволна координација меѓу релевантните чинители.

**Што најмногу би те загрижувало ако волонтираш во криза?**




**Перцепциите на институциите и организациите** ги потврдуваат овие грижи, при што тие како најголеми ризици ги идентификуваат недостатокот на обука (81%) и психолошката изложеност на стрес (76%). Понатаму, се истакнуваат безбедносните ризици (60%), недостатокот на координација (48%) и правната одговорност (38%). Во таа насока, речиси едногласно (94%) се нагласува дека обезбедувањето обука пред вклучување на младите е клучен предуслов.




**Прашањето на безбедноста и стандардите за волонтирање** дополнително ја нагласува потребата од систематски пристап. Младите како клучни предуслови ги истакнуваат обуката пред вклучување (78,5%), јасни инструкции, правила и протоколи (74,8%) и обезбедување заштитна опрема (68,4%). Дополнително, значаен дел ја нагласуваат и потребата од психолошка поддршка, менторство и осигурување.

**Родителите ги потврдуваат овие приоритети**, при што 81,9% сметаат дека обуката е задолжителна, а 63,9% бараат постоење на јасни протоколи. Дел од нив дополнително нагласуваат потреба од стручен надзор, ограничување на задачите на активности со низок ризик, како и формално вклучување преку регистрирани организации. Институциите и организациите, пак, уште поизразено ги потенцираат овие стандарди, со 93% поддршка за обука, 85% за јасни протоколи и значителна поддршка за менторство, заштитна опрема и психосоцијална поддршка.

**Приоритети на родителите и институциите/организациите**




**Во однос на координацијата,** младите најчесто ја гледаат улогата на државните институции (34,1%) и младинските центри (27,2%) како носители на процесот, додека 26,8% преферираат заедничка координација. Наспроти тоа, мнозинството од институциите и организациите (60%) се залагаат за мултисекторски пристап со заедничка координација, додека дел од нив ја препознаваат улогата на младинските центри како координатори.




**Севкупно,** наодите укажуваат дека постои силна основа за вклучување на младите во кризни ситуации, но истовремено и јасна потреба од воспоставување на систем за безбедно, структурирано и координирано волонтирање. Обуката, јасните протоколи, координацијата и заштитата на младите се клучни предуслови за трансформирање на постојната мотивација во ефективен и одржлив ангажман.

# 3. МИНИМАЛНИ СТАНДАРДИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ВО УСЛОВИ НА КРИЗИ

# Минимални стандарди за вклучување на младите во услови на кризи



**Вклучувањето на младите** во кризни ситуации претставува значаен ресурс за зајакнување на отпорноста на заедниците, особено во контекст на зголемена изложеност на различни видови кризи. Сепак, ефективното и безбедно учество на младите не може да се остави на ад хок пристап, туку бара јасно дефинирани рамки, процедури и стандарди кои ќе обезбедат нивна заштита, соодветна подготовка и структурирана вклученост.

> ***Наодите од ова истражување јасно укажуваат дека постои висока мотивација кај младите за волонтерско учество, како и широка поддршка од родителите и институциите за нивно вклучување, но истовремено постои и значајна загриженост поврзана со безбедноста, обуката и координацијата. Оваа комбинација на висока подготвеност и реални ризици ја нагласува потребата од воспоставување на минимум стандарди кои ќе го направат волонтирањето на младите во кризи безбедно, одговорно и одржливо.***

**Кризата** предизвикана од КОВИД-19 дополнително ја истакна клучната улога на младинските работници, младинските организации и неформално организираните млади како суштински партнери во зачувувањето на благосостојбата на заедницата. Нивната способност да допрат до ранливите групи и до граѓаните кои често се надвор од дофатот на стандардните институционални услуги се покажа како витален механизам за поддршка во вонредни состојби[1].

**Истовремено,** искуствата од пандемијата укажуваат дека зајакнувањето на општествената отпорност бара државните стратегии системски да ја препознаат и канализираат младинската мобилизација. Податоците покажуваат дека во земјите каде што постојат национални програми за волонтирање со јасно дефинирани одговорности и обезбедена институционална и финансиска поддршка, веројатноста за младинско ангажирање во заедницата е значително поголема.

**Во таа насока, воспоставувањето на минимум стандарди за вклучување на младите во кризни ситуации претставува логичен и неопходен следен чекор, кој овозможува премин од ад хок практики кон системски, безбедни и одржливи модели на младинско учество.**





[1] OECD (2020), “Youth and COVID-19: Response, recovery and resilience”, OECD Policy Responses to Coronavirus (COVID-19), OECD Publishing, Paris. [1]https://ldbis.pravda.gov.mk/PregledNaZakon.aspx?id=13019.

# Европската повелба за правата и одговорностите на волонтерите[1]

**При дефинирањето на стандардите** за ангажман на младите, мора да се земе предвид дека ***Европската повелба за правата и одговорностите на волонтерите*** е конципирана како генерална рамка за сите форми на волонтерство во нормални околности. Иако документот не се однесува специфично или исклучиво на кризни состојби, неговите начела претставуваат универзален минимум кој секако важи и мора доследно да се применува и во услови на кризи. Токму во вонредни околности, овие општи стандарди стануваат уште порелевантни како заштитен механизам за младите волонтери.

**Врз основа на оваа рамка,** вклучувањето на младите во кризи мора да се води според принципот на примарна заштита и институционална одговорност. Иако кризните ситуации бараат брза мобилизација, Повелбата јасно укажува дека волонтерството не смее да биде замена за професионалниот кадар, туку негова поддршка. Првиот и најважен стандард во овој контекст е безбедноста и социјалната заштита. Бидејќи во услови на криза ризиците по физичкото и менталното здравје се зголемени, организаторот е должен да обезбеди соодветно осигурување, бидејќи волонтерот не смее да биде изложен на терен без претходна подготовка и јасни инструкции.



**Понатаму,** Повелбата го нагласува правото на јасна дефиниција на улогата. Во хаотични околности, од суштинско значење е младиот волонтер точно да знае кои се неговите одговорности, а кои се границите на неговото делување. Ова е директно поврзано со правото на волонтерот да одбие задача доколку смета дека таа е во спротивност со неговата безбедност, што е клучен механизам за спречување на изложување на младите на непотребен ризик.



**На крајот, дури и во вонредни состојби, минималните стандарди налагаат волонтерството да не претставува финансиски товар за младиот човек преку надомест на направените трошоци. Истовремено, искуството стекнато во вакви специфични услови треба формално да се признае како нова компетенција, со што се потврдува дека општите начела на Повелбата се еднакво обврзувачки без оглед на тежината на контекстот во кој се спроведуваат.**

[1] https://ec.europa.eu/citizenship/pdf/volunteering_charter_en.pdf

# Глобален волонтерски стандард [1]

**Глобалниот волонтерски стандард** претставува ригорозна рамка која ги обврзува организациите да воспостават системи кои гарантираат безбедност и за волонтерите и за заедниците. Во неговата основа лежи претпоставката дека волонтерскиот ангажман мора да биде плански и одговорен, што е од критично значење кога младите луѓе се вклучуваат во непредвидливи кризни околности.

## 1 Дизајнирање на активности и управување со ризик (Тема 1)

Стандардот налага дека пред секоја активност мора да се направи анализа на ризикот. Во услови на криза, ова значи дека организацијата мора специфично да процени дали одредена задача е погодна за млад волонтер со оглед на неговото искуство и емоционална зрелост. Минималниот стандард овде не е само физичка безбедност, туку и заштита од психолошка траума, што често се занемарува при брзите интервенции.

## 2 Заштита (Safeguarding) и превенција (Тема 2)

Ова е најдеталниот дел од стандардот. Тој бара организациите да имаат јасни политики за заштита на децата и ранливите возрасни. При вклучување на млади волонтери во кризи, стандардот налага воспоставување на механизми за пријавување на злоупотреба или недолично однесување. Во хаосот на кризата, младите се ранлива категорија, па Глобалниот стандард инсистира на „нулта толеранција“ за експлоатација и бара секој волонтер да биде запознаен со своите права и начините како да побара помош.

## 3 Подготовка и обука (Тема 3)

За разлика од општите насоки, Глобалниот стандард детално ги наведува фазите на индукција (воведување). За младите волонтери во кризи, ова значи дека тие мора да поминат низ специфична обука која вклучува:

- Основи на прва помош и безбедносни протоколи.
- Културолошка чувствителност (како да се однесуваат со погоденото население).
- Психолошка самопомош за да се справат со стресот на терен.

## 4 Поддршка и благосостојба (Тема 4)

Овој стандард оди чекор подалеку од обичното менторство. Тој бара организациите да обезбедат континуирана психосоцијална поддршка. Во кризни услови, каде младите можат да бидат сведоци на тешки човечки судбини, организацијата е должна да организира сесии за „дебрифинг“ или разговор по завршување на активноста. Благосостојбата (well-being) на волонтерот е ставена во иста рамка со успехот на самата хуманитарна мисија.

## 5 Одговорност и учење

Глобалниот стандард бара од организациите да собираат повратни информации (feedback) од самите волонтери. Во контекст на кризи, ова значи дека младите мора да имаат глас во евалуацијата на одговорот на кризата. Нивното искуство на терен треба да се користи за подобрување на протоколите за идни кризи, со што се признава нивната улога како активни чинители, а не само како „извршители“ на задачи.

**Глобалниот волонтерски стандард (The Global Volunteering Standard) е значително посеопфатен и поструктуриран документ од Европската повелба, бидејќи тој е дизајниран како алатка за менаџмент на квалитет. За разлика од Повелбата која се фокусира на права, овој стандард дефинира конкретни чекори за организациите.**

***Иако е применлив во сите контексти, овој стандард е особено релевантен за кризи бидејќи силно го нагласува принципот „Не нанесувај штета“ (Do No Harm).***





[1] https://joa.je/media/rftdtdhuthe-global-volunteering-standard-en-2-min.pdf

# Упатство на IASC (Inter-Agency Standing Committee) за работа со и за млади луѓе во хуманитарни и долготрајни кризи [1]

**Упатствата** на IASC го менуваат парадигмата на вклучување на младите: тие не се гледаат само како „приматели на помош“ или „волонтери за испорака“, туку како активни лидери и партнери во одговорот на кризите. Документот се заснова на пет клучни приоритети (The 5 Compact Priorities), кои ги дефинираат минималните стандарди за нивно вклучување.

## 1 Специфична заштита во хуманитарен контекст

Во услови на војна, природни катастрофи или раселување, IASC налага дека минималниот стандард мора да вклучува „простори прилагодени на младите“ (Youth-Friendly Spaces). При волонтерски ангажман, младите не смеат да бидат изложени на ситуација каде што нивната безбедност е компромитирана заради недостаток на физичка заштита или ризик од родово базирано насилство. Ова оди подалеку од обично осигурување – тоа е активна безбедносна проценка на секоја локација каде што младиот волонтер делува.

## 2 Психосоцијална поддршка и ментално здравје (MHPSS)

Документот нагласува дека кризата остава длабоки траги врз младите. Минималниот стандард овде налага дека секоја програма што вклучува млади волонтери мора да има интегриран систем за ментална поддршка. Младите не смеат само да помагаат на другите; тие мора да имаат пристап до механизми за справување со сопствениот стрес и секундарна траума која произлегува од волонтерската работа на терен.

## 3 Инклузивност и диверзитет (Leave No One Behind)

IASC инсистира на тоа дека волонтерството во кризи не смее да биде елитистичко. Минималниот стандард бара активно вклучување на:

- Млади лица со попреченост.
- Млади од маргинализирани заедници (бегалци, внатрешно раселени лица).
- Млади девојки во контексти каде нивното движење е ограничено.

Организацијата мора да обезбеди разумно прилагодување за сите овие подгрупи да можат безбедно да волонтираат.

## 4 Младинско лидерство и одлучување

Ова е суштинска разлика од претходните документи. Според IASC, минимален стандард за квалитетно вклучување е консултацијата. Младите волонтери не треба само да „носат пакети“; тие мора да бидат вклучени во дизајнирањето на хуманитарниот одговор. Документот бара формирање на младински советодавни тела во рамките на кризните штабови, со што волонтерството се издигнува на ниво на стратешко партнерство.

## 5 Поддршка за локални иницијативи предводени од млади

Наместо да ги принудуваат младите да се вклопат во строги бирократски структури на големите организации, IASC сугерира дека организациите треба да ги поддржат постоечките неформални групи на млади волонтери. Стандардот овде е флексибилност – обезбедување ресурси (материјали, простор, финансии) за самоорганизирано волонтерство кое често е најбрзо и најефикасно во првите часови од кризата.

**Заклучно,** Упатствата на IASC претставуваат клучен пресврт во воспоставувањето на минималните стандарди за вклучување на младите во кризи, поместувајќи го фокусот од пасивна заштита кон активно партнерство. Додека другите меѓународни документи поставуваат општи правни и оперативни рамки, IASC ја препознава специфичната реалност на хуманитарниот контекст, каде младите не се само волонтери, туку често се првите кои реагираат на терен (first responders).

**Имплементацијата на овие насоки гарантира дека вклучувањето на младите волонтери во услови на кризи не е само чин на солидарност, туку структуриран, безбеден и стратешки процес кој истовремено придонесува за заедницата и за развојот на отпорноста кај самите млади луѓе. Со примена на овие стандарди, организациите осигуруваат дека хуманитарната акција е „со и за“ младите, а не само насочена кон нив.**



[1] https://interagencystandingcommittee.org/sites/default/files/migrated/2021-02/IASC%20Guidelines%20on%20Working%20with%20and%20for%20Young%20People%20in%20Humanitarian%20and%20Protracted%20Crises_0.pdf

# Агенда за млади, мир и безбедност (YPS)[1]

***Агендата за млади, мир и безбедност (Youth, Peace and Security – YPS)*** претставува една од најзначајните глобални рамки кои ја препознаваат улогата на младите не само како ранлива категорија во услови на кризи и конфликти, туку и како активни носители на промени, отпорност и мир. Оваа агенда е формализирана преку серија резолуции на Советот за безбедност на United Nations Security Council, започнувајќи со Резолуцијата 2250 (2015), која за првпат системски ја поставува улогата на младите во глобалната безбедносна архитектура.



*Резолуцијата 2250 ја воспоставува основата на YPS агендата преку признавање на младите како партнери во превенција на конфликти, градење мир и посткризно закрепнување. Таа повикува државите да создадат услови за значајно учество на младите во процесите на донесување одлуки и да инвестираат во нивниот капацитет за придонес во општеството. Оваа рамка дополнително се надградува со Резолуциите 2419 (2018) и 2535 (2020), кои ја продлабочуваат потребата за институционализација на младинското учество, зајакнување на партнерствата со младински организации и обезбедување конкретни механизми за нивно вклучување во кризни и посткризни процеси.*



**Во суштина,** YPS агендата се темели на пет меѓусебно поврзани столбови: учество, заштита, превенција, партнерства и разоружување/реинтеграција. Столбот на учество ја нагласува потребата младите да бидат активно вклучени во процесите на одлучување, вклучително и во управување со кризи. Заштитата се однесува на обезбедување безбедност и заштита на младите од насилство, злоупотреба и експлоатација, особено во нестабилни контексти. Превенцијата се фокусира на улогата на младите во спречување на конфликти и кризи, додека партнерствата ја истакнуваат важноста на соработката меѓу институциите, граѓанското општество и младинските структури. Последниот столб се однесува на поддршка на младите во процесите на реинтеграција и градење одржлив мир.




**Она што е особено важно за контекстот на ова истражување е дека YPS агендата поставува и одредени имплицитни стандарди за работа со млади во кризни ситуации. Иако не станува збор за технички „минимум стандарди“ во класична смисла, рамката јасно упатува на потребата од безбедно, структурирано и значајно вклучување на младите. Тоа подразбира дека младите не треба да бидат вклучени ад-хок или симболично, туку преку системи кои обезбедуваат нивна подготовка, заштита и поддршка.**

**Дополнително,** YPS агендата ја нагласува важноста на градење капацитети кај младите, што директно се поврзува со потребата од обука и подготовка пред нивно вклучување во активности поврзани со кризи. Воедно, се потенцира и значењето на психосоцијалната поддршка и благосостојбата на младите, што е особено релевантно во контексти каде тие се изложени на стрес, траума или ризик.

**Анализата** на YPS агендата овозможува јасно концептуално втемелување на минимум стандардите за работа со млади во услови на кризи. Принципите на учество, заштита и партнерство директно се надоврзуваат на потребата од воспоставување структуриран и безбеден систем за младинско волонтирање.

[1] https://www.un.org/peacebuilding/policy-issues-and-partnerships/policy/youth

**Конкретно,** столбот на заштита ја нагласува неопходноста од стандарди кои ќе обезбедат физичка и психолошка безбедност на младите, што се рефлектира во потребата од јасни протоколи, проценка на ризици и обезбедување заштитна опрема и поддршка. Столбот на учество ја поддржува идејата дека младите треба да бидат активно вклучени, но на начин кој е соодветно поддржан со обука, менторство и јасно дефинирани улоги. Принципот на партнерство пак укажува дека координацијата меѓу институциите, младинските организации и заедницата е суштинска за ефективно управување со кризни ситуации.

**Во таа смисла,** YPS агендата не само што ја оправдува потребата од развој на минимум стандарди за волонтирање на младите во кризи, туку и обезбедува вредносна и политичка рамка врз која тие стандарди треба да се темелат. Оттука, развојот на вакви стандарди во национален контекст може да се гледа како конкретна операционализација на глобалните принципи на младинско учество, безбедност и отпорност во услови на кризи.
Анализата на четирите клучни меѓународни столбови – Европската повелба за волонтерство, Глобалниот волонтерски стандард, Упатствата на IASC и YPS агендата на ОН – открива дека вклучувањето на младите во услови на кризи повеќе не се смета за прашање на избор или ад-хок солидарност, туку за строго дефинирана професионална и етичка обврска.

**Иако** секој документ пристапува од различен агол, нивната синтеза ги воспоставува следниве универзални минимални стандарди:



**Правна и физичка заштита (Континуум од Повелбата до YPS):** Основата на секој ангажман е осигурувањето и безбедноста. Младиот волонтер не смее да биде изложен на ризик без соодветна заштитна опрема, јасни протоколи за безбедност и правна заштита од експлоатација или злоупотреба во хаотични средини.



**Оперативна подготвеност и менторство (Глобален стандард и IASC):** Кризата не е оправдување за импровизација. Организациите се должни да обезбедат брза, но темелна индукција и постојано водство. Стандардот налага младиот волонтер никогаш да не дејствува изолирано, туку секогаш во рамките на систем кој нуди поддршка и супервизија.



**Психосоцијална благосостојба (IASC и YPS):** Можеби најважниот современ стандард е грижата за менталното здравје. Работата во кризи остава траги, а институционалниот минимум налага воспоставување системи за „дебрифинг“ и психолошка поддршка, препознавајќи го емоционалниот товар што младите го преземаат врз себе.



**Економска одржливост и инклузивност (Повелба и Глобален стандард):** Волонтерството во кризи не смее да создава елитистички бариери. Минималниот стандард налага целосен надомест на трошоците (транспорт, храна, сместување), со што се овозможува и на најмаргинализираните млади да придонесат без да ја загрозат сопствената егзистенција.



**Стратешко лидерство и признавање (YPS и IASC):** Младите веќе не се само „раце на терен“, туку „глави на преговарачка маса“. Минималниот стандард за квалитет вклучува консултација со младите при носењето одлуки во кризните штабови и формална валидација на вештините стекнати за време на кризата.

**Овие документи заедно формираат „безбедносна мрежа“ која гарантира дека младинскиот активизам во најтешките моменти за општеството ќе биде трансформативен, а не деструктивен. Примената на овие минимални стандарди обезбедува дека додека младите помагаат во решавањето на кризата, самиот систем се грижи тие да излезат од неа посилни, поискусни и заштитени. Со тоа, волонтерството станува не само хуманитарен одговор, туку и инвестиција во долгорочната отпорност на целата заедница.**

# 4. КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ

**Во современиот дискурс** за управување со кризи, сè повеќе се препознава улогата на локалните заедници како прва линија на одговор. Во овој контекст, младинските центри се издвојуваат како специфична социјална инфраструктура која поседува уникатна способност за брза адаптација. За разлика од ригидните институционални системи, младинските центри функционираат на принципот на децентрализација и доверба, што им овозможува во моменти на криза – без разлика дали се работи за природни катастрофи, пандемии или воени конфликти – веднаш да се трансформираат во оперативни хабови.

**Симбиозата помеѓу младинската работа и кризниот менаџмент** се заснова на три клучни столба: достапност, дигитална агилност и врсничка солидарност. Младинските центри веќе располагаат со ресурсите кои се најпотребни во вонредна состојба: мобилна мрежа на волонтери, физички простор за логистика и воспоставени канали за комуникација со младите луѓе. Преку анализа на добрите практики ширум светот, евидентно е дека волонтерскиот ангажман не е само чин на алтруизам, туку структуриран одговор кој, кога е канализиран преку младинските центри, значително ја зголемува ефикасноста на хуманитарните и социјалните интервенции.

**Следните примери** илустрираат како оваа теоретска поставка се манифестира во реални сценарија, демонстрирајќи ја флексибилноста на младинските простори во различни глобални контексти.

### 1. Младинските центри како логистички хабови во воени конфликти[1]

Во услови на војна, младинските центри ја напуштаат својата примарна функција на рекреативни простори и стануваат клучни точки за социјална кохезија. Највпечатлив современ пример е трансформацијата на младинските центри во Украина. Овие простори се редизајнирани во „Spilno“ центри (заеднички простори), каде младите волонтери не само што дистрибуираат хуманитарна помош, туку обезбедуваат и неформално образование за децата бегалци, со цел да се зачува чувството на нормалност во услови на конфликт.



### 2. Дигитална мобилизација и борба против инфодемии преку младинска работа[2]

За време на пандемијата на КОВИД-19, младинските центри во Финска (Verke) и Естонија покажаа дека младинската работа може ефикасно да се пресели во дигиталната сфера. Преку платформите како Discord, младинските работници мобилизираа волонтери за едукација на врсниците против дезинформации.Овој модел на „Дигитална младинска работа“ овозможи заедницата да остане поврзана и информирана дури и при строги рестрикции на движењето.

### 3. Експресна мобилизација на волонтери при природни катастрофи[3]

По катастрофалната експлозија во Бејрут во 2020 година, локалните извиднички центри и младинските организации дејствуваа како прва линија на одговор. Нивната способност за брза мобилизација се должеше на претходно воспоставената мрежа во рамките на младинските објекти. Младите волонтери преземаа улоги кои вообичаено им припаѓаат на цивилните служби, вклучувајќи чистење на градот, проценка на штети во домовите и дистрибуција на лекови.

### 4. Младинските центри како зони за психосоцијална отпорност[4]

Во Турција, по разорните земјотреси во 2023 година, националните младински центри (Gençlik Merkezleri) служеа како прифатни пунктови каде младите волонтери беа обучени да пружаат психолошка прва помош. Овој пример покажува дека младинскиот центар нуди структура која е неопходна за волонтерскиот ентузијазам да се претвори во професионална и безбедна помош на терен.

### 5. Меѓугранична солидарност преку Европскиот корпус за солидарност[5]

Европските младински центри и организации кои работат со Европскиот корпус за солидарност демонстрираа како волонтеризмот може да биде меѓународен. За време на мигрантските кризи, овие центри на границите на ЕУ прифаќаа млади волонтери од цел свет кои помагаа во преводот, правното советување и логистиката, со што се намали притисокот врз државните институции.

[1] UNICEF Ukraine. (2022). Spilno Youth Centers: Providing a sense of normalcy in conflict. UNICEF. [Достапно на: unicef.org/ukraine]
[1] Verke. (2020). Digital youth work in the age of COVID-19: Observations from Finland. Verke - National Centre of Expertise for Digital Youth Work in Finland. [Достапно на: verke.org]
[2] World Organization of the Scout Movement (WOSM). (2020). Scouts' response to the Beirut explosion: Solidarity in action. WOSM Global Report. [Достапно на: scout.org]
[4] Ministry of Youth and Sports of the Republic of Türkiye. (2023). Annual Activity Report: Earthquake Response and Youth Mobilization. [Достапно на: gsb.gov.tr]
[5] European Commission. (2021). European Solidarity Corps: Youth taking action in times of crisis. European Education and Culture Executive Agency. [Достапно на: ec.europa.eu]

## 6. Технолошки иновации и „Hack the Crisis“ движења [6]



Младинските иновативни центри (Tech-hubs) во Естонија го започнаа движењето „Hack the Crisis“, каде млади волонтери во рок од 48 часа развиваа софтверски решенија за следење на медицински ресурси. Овој пример ја нагласува улогата на младинските простори како места каде се спојуваат волонтеризмот и технологијата за решавање на општествени проблеми во реално време.

## 7. Младинските тимови за одговор при катастрофи на Црвениот крст (Србија и Хрватска) [7]

Волонтерите на Црвениот крст на Балканот покажаа исклучителна ефикасност за време на поплавите во 2014 година и земјотресот во Петриња во 2020 година. Националните друштва користат младински центри и локални клубови како бази каде младите поминуваат низ континуирани обуки за прва помош и логистика пред да се случи кризата. Овој модел овозможува младите да не бидат само „помагачи“, туку сертифицирани членови на тимовите за спасување кои раководат со евакуациони центри.



## 8. Младински едукатори за превенција на болести (Црвена полумесечина - Гвинеја) [8]



За време на епидемијата на Ебола, младите волонтери на Црвената полумесечина беа клучни во надминувањето на недовербата кај локалното население кон медицинските служби. Користејќи ги младинските мрежи, тие спроведуваа едукација „врсник до врсник“, објаснувајќи ги хигиенските протоколи на јазик разбирлив за заедницата. Овој пример покажува дека младинските организации се најдобриот мост за комуникација во заедници каде државните институции имаат низок кредибилитет.

## 9. AmeriCorps NCCC – Тимски модел за инфраструктурна обнова (САД) [9]

Програмата AmeriCorps NCCC е федерална програма за млади (18-24 години) кои живеат во заеднички кампуси и се подготвени за итна дислокација низ целата земја. Нивната структура е слична на младински центри за обука кои стануваат мобилни во услови на шумски пожари или урагани. Тие се фокусирани на „физичка отпорност“ – поправка на оштетени домови и инфраструктура во погодените заедници месеци откако првичниот бран на итна помош ќе заврши.



## 10. Младински волонтери за психосоцијална поддршка (Црвен крст - Италија) [10]

Италијанскиот Црвен крст (Croce Rossa Italiana) разви специфичен модел каде младите волонтери во рамките на своите локални центри креираат „сигурни зони“ за деца во транзитни бегалски кампови или по природни катастрофи. Наместо само физичка помош, младите се обучени да пружаат психосоцијална поддршка преку игра и неформално образование, помагајќи им на најмладите да ја процесираат траумата во контролирана средина.



[6] Accelerate Estonia. (2020). Hack the Crisis: From a local hackathon to a global movement. [Достапно на: accelerateestonia.ee]
[7] International Federation of Red Cross and Red Crescent Societies (IFRC). (2020). Case Study: Youth Engagement in Disaster Risk Reduction in the Balkans. IFRC Resource Centre. [Достапно на: ifrc.org]
[8] IFRC. (2016). The Power of Youth in the Ebola Response: Lessons from Guinea, Liberia, and Sierra Leone. IFRC Africa Reports. [Достапно на: ifrc.org]
[9] Corporation for National and Community Service (CNCS). (2021). AmeriCorps NCCC: Strengthening Communities Through Disaster Services. Strategic Impact Report. [Достапно на: americorps.gov]
[10] Italian Red Cross. (2022). Youth and Vulnerability: Psychosocial Interventions in Crisis Settings. National Youth Committee Report. [Достапно на: cri.it]

**Анализата** на глобалните практики за младински ангажман во услови на криза упатува на еден фундаментален заклучок: постоењето на физичка и институционална инфраструктура во форма на младински центри е одлучувачкиот фактор за успехот на младинската мобилизација. Иако современите технологии овозможуваат појава на т.н. „ад-хок" активизам – брзо и спонтано организирање на младите преку социјалните мрежи – овој модел често покажува сериозни ограничувања во долгорочни кризни сценарија.



*„Главната разлика лежи во одржливоста и координацијата. „Ад-хок" активизмот се потпира на првичниот бран на емотивен поттик и солидарност, кој е исклучително силен, но склон кон брзо „согорување" (burnout). Без јасна структура, волонтерите кои се самоорганизираат често се соочуваат со логистички хаос, преклопување на активностите или, во најлош случај, дејствување кое не е во согласност со безбедносните протоколи на терен. Наспроти ова, „структурираниот активизам" кој се одвива преку младинските центри, нуди рамка која го канализира младинскиот ентузијазам во професионален и ефикасен одговор."*

**Младинските центри** нудат три клучни елементи кои му недостасуваат на спонтаниот активизам:

## Континуитет

Тие обезбедуваат простор и ресурси кои овозможуваат акцијата да продолжи и откако првичниот медиумски интерес за кризата ќе стивне.



## Експертиза

Младинските работници во центрите делуваат како ментори кои ги насочуваат волонтерите, спречувајќи го нивното емотивно и физичко исцрпување.



## Координација со институции

Центрите служат како официјален мост помеѓу младите волонтери и државните кризни штабови, осигурувајќи дека помошта стигнува таму каде што е најпотребна.



**Без стабилна инфраструктура** која ќе го поддржи, обучи и заштити младиот волонтер, неговиот потенцијал останува неискористен или фрагментиран. Затоа, инвестирањето во младинските центри во „мирнодопски" услови не е само социјален трошок, туку стратешка инвестиција во националната безбедност и општествената отпорност. Младинските центри се тие кои го трансформираат краткотрајниот револт против кризата во долготрајна, организирана и спасоносна општествена акција.



# 5. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

**Анализата** на наодите од истражувањето овозможува сеопфатен увид во позицијата на младите во услови на кризи, како и во капацитетите на системот да одговори на нивните потреби. Преку интеграција на квантитативните и квалитативните податоци, јасно се идентификуваат клучните предизвици, но и потенцијалите за унапредување на младинската работа во кризни ситуации. Наодите не само што ја отсликуваат моменталната состојба, туку укажуваат и на структурните слабости и системските празнини кои го ограничуваат ефективното делување.

**Истражувањето покажува дека младите се значително изложени на различни кризни ситуации и дека тие имаат јасно артикулирани потреби, особено во однос на психолошката поддршка, информираноста и обезбедувањето безбедни простори. Истовремено, се забележува дека постои јаз помеѓу овие потреби и начинот на кој институционалниот систем одговара на нив, што се рефлектира преку ниското ниво на доверба, ограничената координација и недоволната препознатливост на улогите на различните чинители.**

**Паралелно,** наодите откриваат значителен потенцијал кај младите за активно учество и придонес во кризни ситуации, особено преку волонтерски активности. Овој потенцијал е препознаен и од родителите и од институциите, но неговото ефективно искористување е условено од постоење на јасни стандарди, обука, координација и механизми за безбедно вклучување. Во таа насока, младинските центри и организациите се наметнуваат како клучни актери, со потенцијал да делуваат како мост помеѓу младите и институционалниот систем.

***Во продолжение** се презентирани клучните заклучоци кои произлегуваат од анализата и кои претставуваат основа за формулирање на препораки и развој на протокол за работа со млади во услови на кризи.*

1. Младите се значително погодени од кризни ситуации, со доминантно влијание врз менталното здравје и социјалната поврзаност. Кризите не само што влијаат врз образованието и физичкото здравје, туку особено го нарушуваат психосоцијалниот развој на младите, што ја прави психолошката поддршка приоритетна потреба.
2. Постои силна и конзистентна побарувачка за психолошка поддршка, информации и безбедни простори. Овие три категории се највисоко рангирани кај сите целни групи, што укажува на јасен правец за развој на сервиси за млади во кризни услови.
3. Младите имаат умерено ниво на информираност, но недоволна реална подготвеност за справување со кризи. Самоперцепцијата на младите укажува на делумна информираност, додека родителите значително пониско ја оценуваат нивната подготвеност, што укажува на потреба од систематска едукација и подготовка.
4. Постои значителен јаз помеѓу очекувањата и перформансите на институционалниот систем. Иако младите и родителите очекуваат институционална поддршка, довербата во институциите е ниска, а нивната способност за препознавање на потребите на младите е оценета како недоволна.
5. Неформалните мрежи (семејство и пријатели) остануваат примарен извор на поддршка. Ова укажува на недоволна институционална присутност и потреба од зајакнување на формалните механизми за поддршка.
6. Системот се соочува со структурни слабости: недоволна координација, ограничени ресурси и недостиг на обучен кадар. Овие фактори значително го ограничуваат капацитетот за ефикасно управување со кризни ситуации и обезбедување поддршка за младите.
7. Младинските центри и организации имаат висок потенцијал, но недоволна видливост и системска интеграција. Иако се препознаени како релевантни актери, нивната улога не е доволно јасно позиционирана, ниту пак формално интегрирана во системот за управување со кризи.
8. Постои широка поддршка за зголемување на улогата на младинските организации во кризни ситуации. И родителите и институциите препознаваат потреба тие да бидат поактивно и формално вклучени, што претставува важна основа за нивна институционализација.
9. Младите покажуваат висока подготвеност за волонтирање, но под одредени услови. Мотивацијата е висока, особено од аспект на солидарност, но несигурноста кај дел од младите укажува на потреба од структуриран пристап.
10. Безбедноста, обуката и јасните протоколи се клучни предуслови за младинско волонтирање во кризи. Сите групи се согласуваат дека без овие елементи, вклучувањето на младите може да носи ризици, што ја нагласува потребата од стандардизација.
11. Недостасуваат систематизирани механизми за координација и вклучување на младите. И покрај постоечката волја, нема јасни модели, протоколи и структури кои овозможуваат безбедно и ефективно учество на младите во кризни ситуации.
12. Постои потреба од мултисекторски пристап со јасна распределба на улоги. Податоците укажуваат дека најсоодветен модел е заедничка координација помеѓу институциите, младинските центри и граѓанските организации.

**Имајќи ги предвид** претходно изложените наоди и заклучоци, јасно е дека постои потреба од систематски и координиран пристап кон унапредување на младинската работа во услови на кризи. Идентификуваните предизвици, како и препознаените потенцијали, укажуваат дека интервенциите треба да бидат насочени не само кон зајакнување на капацитетите на институциите, туку и кон воспоставување на јасни механизми за вклучување на младите, унапредување на меѓусекторската соработка и развој на стандарди за безбедно и ефективно делување.

**Во таа насока,** во продолжение се презентирани препораки кои произлегуваат директно од наодите на истражувањето и имаат за цел да придонесат кон развој на функционален и одржлив модел за работа со млади во услови на кризи, вклучително и подготовка на протокол за делување на младинските центри и другите релевантни чинители.



## Институционални препораки (национално ниво)

Локалните власти имаат клучна улога во директната поддршка на младите, но нивната улога моментално е недоволно препознаена. Затоа се препорачува:

- Активно воспоставување и функционирање на младински центри во сите општини, согласно законските обврски.
- Развој на локални планови за управување со кризи кои експлицитно ги вклучуваат младите и младинските структури.
- Јакнење на видливоста и пристапноста на локалните сервиси за млади преку кампањи и директна комуникација.
- Поддршка на локални иницијативи за младинско учество и волонтирање во кризни ситуации.

## Институционални препораки (локално ниво и општини)

Потребно е воспоставување на јасна и функционална институционална рамка за вклучување на младите во кризни ситуации. Во таа насока, се препорачува:

- Формално интегрирање на младинските политики и младинската работа во системот за управување со кризи, преку вклучување на млади и младински организации во релевантни национални и локални тела.
- Развој на национален протокол за работа со млади во услови на кризи, кој ќе ги дефинира улогите, одговорностите и механизмите за координација помеѓу институциите и другите чинители.
- Зајакнување на меѓуинституционалната координација преку воспоставување на редовни механизми за комуникација и соработка помеѓу секторите (образование, социјална заштита, здравство, безбедност).
- Инвестирање во јакнење на човечките капацитети преку обуки за работа со млади во кризни ситуации, вклучително и психосоцијална поддршка и комуникација со млади.
- Развој на систем за навремено и пристапно информирање на младите, преку користење на канали кои се релевантни за нив.

## Младински центри и младински организации

Младинските центри и организации имаат потенцијал да бидат клучен мост помеѓу младите и институциите. За таа цел се препорачува:

Формално препознавање на младинските центри и организации како партнери во системот за управување со кризи.

Развивање на нивната улога како „safe spaces“ за информирање, психосоцијална поддршка и социјална интеракција на младите.

Јакнење на нивните капацитети преку обуки, финансиска поддршка и развој на стандарди за работа во кризни ситуации.

Воспоставување на механизми за редовна комуникација и координација со институциите.

Развој на програми за едукација на младите за кризни ситуации (самозаштита, прва помош, граѓанска одговорност).

## Волонтирање и вклучување на млади

Постојниот потенцијал за младинско волонтирање треба да се канализира преку структуриран и безбеден пристап:

Развој на национален или локален модел за младинско волонтирање во кризи.

Воспоставување на јасни процедури за регистрација, ангажман и координација на млади волонтери.

Ограничување на ангажманот на младите на активности со низок до умерен ризик, согласно нивната возраст и подготовка.

Промоција на волонтирањето како алатка за градење отпорност и заедништво кај младите.

Вклучување на родителите/старателите како важен фактор во процесот на одобрување и поддршка.

## Стандарди за безбедност и работа со млади во кризи

За да се обезбеди безбедно и квалитетно вклучување на младите, потребно е воспоставување на минимум стандарди:

Задолжителна обука за сите млади пред нивно вклучување во кризни активности.

Јасно дефинирани протоколи, улоги и инструкции за делување.

Обезбедување на соодветна заштитна опрема и услови за безбедност.

Обезбедување на менторска и стручна поддршка во текот на ангажманот.

Вклучување на психолошка поддршка пред, за време и по ангажманот.

Обезбедување на осигурување и правна заштита за младите волонтери.

## Информирање, едукација и подготвеност

Податоците јасно укажуваат дека информираноста и подготовката се клучни:

Развој на национални и локални кампањи за информирање на младите за кризни ситуации.

Интегрирање на теми поврзани со кризи во формалното и неформалното образование.

Развој на практични обуки и симулации за млади за искуствено учење.

Користење на дигитални алатки, но во комбинација со офлајн пристапи (со оглед на ниската побарувачка за онлајн ресурси).

**Препораките** укажуваат на потребата од интегриран, мултисекторски и младински-ориентиран пристап кој ќе обезбеди системска поддршка, јасни правила и безбедни услови за активно учество на младите во услови на кризи.

# 6. ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА ПРОТОКОЛ ЗА РАБОТА СО МЛАДИ ВО УСЛОВИ НА КРИЗИ

## Институционална рамка и улоги

Протоколот за работа со млади во услови на кризи треба да се темели на јасно дефинирана институционална рамка која прецизно ги утврдува улогите и одговорностите на сите релевантни чинители. Ова подразбира воспоставување на координиран систем во кој е јасно определено кој ја води координацијата, кои актери се одговорни за обезбедување услуги, а кои за мобилизација и поддршка на младите. Ваквиот пристап е од суштинско значење за избегнување на преклопување на надлежностите и за обезбедување навремена и ефикасна реакција во кризни ситуации.

## Координација и комуникација

Ефикасното управување со кризни ситуации бара воспоставување на функционални механизми за координација и комуникација, како на национално, така и на локално ниво. Протоколот треба да предвиди јасни канали за размена на информации, дефинирање на координативни тела и процедури за комуникација во услови на криза. Особено е важно да се обезбеди континуирана поврзаност помеѓу институциите и теренските актери, како што се младинските центри и организациите, со цел поддршката и информациите да бидат навремени и достапни за младите.

## Вклучување на младите

Вклучувањето на младите во кризни ситуации треба да биде регулирано преку јасна и структурирана процедура која ќе обезбеди безбедност и ефективност. Овој процес треба да опфати регистрација на младите, проценка на нивната подготвеност и интерес, како и нивна распределба во активности кои одговараат на нивните капацитети и нивото на ризик. Посебно внимание треба да се посвети на заштитата на малолетните лица, преку обезбедување согласност од родителите или старателите и дополнителни мерки за безбедност.

## Безбедност и стандарди

Безбедноста на младите треба да биде централен принцип во протоколот, преку воспоставување на минимум стандарди кои ќе важат за сите форми на нивно вклучување. Ова подразбира задолжителна обука пред ангажман, јасно дефинирани правила и процедури за работа, обезбедување на соодветна заштитна опрема, како и континуирана менторска и стручна поддршка. Дополнително, важно е да се обезбеди психолошка поддршка и соодветна правна и осигурителна заштита, со цел да се минимизираат ризиците и да се заштити благосостојбата на младите.

## Улога на младинските центри

Во рамки на протоколот, младинските центри треба да бидат јасно позиционирани како клучни оперативни точки на локално ниво. Тие можат да функционираат како места за информирање, регистрација и мобилизација на младите, но и како безбедни простори за психосоцијална поддршка и организирање активности. Преку вакво позиционирање, младинските центри можат да делуваат како мост помеѓу младите и институциите, придонесувајќи за поголема достапност и ефикасност на системот.

## Типологија на активности

Протоколот треба да предвиди јасна типологија на активности во кои младите можат да бидат вклучени, со акцент на активности со низок до умерен ризик. Овие активности вклучуваат социјална поддршка, информирање, логистичка помош и поддршка на врсници. Ваквата класификација е важна за да се обезбеди усогласеност помеѓу нивото на ризик и подготвеноста на младите, како и за да се спречи нивно вклучување во активности кои може да бидат штетни за нивната безбедност.

## Обука и подготовка

Развојот на систем за обука и подготовка претставува клучен предуслов за ефективно вклучување на младите. Протоколот треба да предвиди стандарди за основна и напредна обука, кои ќе опфаќаат теми како што се справување со кризи, безбедност, комуникација и психолошка поддршка. Важно е обуката да вклучува и практични елементи, како симулации и вежби, со цел да се зајакне реалната подготвеност на младите.

## Информирање и пристап до информации

Обезбедувањето на навремени, точни и пристапни информации за младите претставува клучен елемент на протоколот. Потребно е да се воспостави систем кој ќе ги користи каналите најрелевантни за младите, но и ќе ги вклучи младинските центри и образовните институции како посредници во преносот на информации. Ова ќе придонесе за намалување на дезинформациите и зголемување на довербата во системот.

## Следење и унапредување

Протоколот треба да предвиди механизми за следење на неговата имплементација, како и редовна евалуација и ажурирање. Вклучувањето на повратни информации од младите и другите чинители е особено важно за обезбедување на релевантност и ефективност. Дополнително, активното вклучување на заедницата и родителите ќе придонесе кон градење доверба и одржливост на системот.



ПОВРЗАНИ
ВО КРИЗА

Youth
can

SUPPORT
KOCANI

CIVICA
MOBILITAS

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC**